РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# ЗА МАЈ 2010 ГОДИНА

Јуни 2010 година

# I. Зајакнување на институционалниот капацитет

1. Во мај 2010 година изготвена е финална ИКТ развојна стратегија, чија основна цел е развој на ИКТ сервис и интегриран ИТ систем, околина во согласност со ЕУ и други меѓународни стандарди, кој целосно ќе ја поддржува бизнис стратегијата на Царинската управа, ќе ги поддржува транспортот и трговијата и управувањето со ризик, ќе обезбеди вршење на работата со највисок степен на ефикасност во однос на инвестициите.

   Ова верзија од ИКТ стратегијата на Царинската управа е согласно коментарите на Генералниот директорат за оданочување и царинска унија.

   Целите на ИКТ стратегијата произлегуваат од бизнис стратегијата утврдена во Стратешкиот план на Царинската управа и нејзините акциони планови, Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, повеќегодишниот идикативен плански документ за развој на Е-царински проекти, модернизираниот царински закон на ЕУ и регулативите за имплементација на истиот, како и препораките на мониторинг мисијата на DG TAXUD за ИТ свеста. ИКТ стратегијата ги опфаќа сите аспекти за планирање на проекти утврдени од Европската комисија во областа на интероперабилноста на царинските системи и детално ја обработува Стратегијата за имплементација на интероперабилност.

   Инкорпорирани се промени и во нацрт верзијата на Стратегија за интероперабилност со царинските системи на ЕУ, согласно добиените коментари од Генералниот директорат за оданочување и царинска унија. Стратегија за интероперабилност со царинските системи на ЕУ, е дел од ИКТ стратегијата на Царинската управа. Во овој документ подготвени се планови за следните проекти: Нов компјутеризиран транзитен систем; Интегрирана тарифна околина, вклучително и: Комбинираната номенклатура, TARIC, Електронска задолжителна тарифна информација, Тарифни квоти и надзор, Европски попис на хемиски супстанци, суспензии, Систем за управување со спесимени и Систем за дисиминација на податоци; Систем за управување и контрола на акцизи; Автоматизиран извозен систем; Автоматизиран увозен систем; Царински портал, како и други системи.

2. Во текот на овој месец беа донесени следните упатства:

   - Упатство за пристап во електронскиот систем за персонална евиденција,
   - Корисничко упатство за работа со софтверот за евиденција на анкетни листови,

- Корисничко упатство за доставување документи до корисниците преку интернет порталот,
- Администраторско упатство за работа со порталот за електронска комуникација,
- Корисничко упатство за електронско поднесување барања до Царинската управа,
- Корисничко упатство за работа со софтверот за попис на основни средства,
- Упатство за постапување со уплати на евидентната сметка на Царинската управа,
- Упатство за начинот на задолжување и раздолжување на транзитни банкарски гаранции,
- Упатство за начинот и постапката за задржување на средства од платата на вработените,
- Корисничко упатство за работа со web апликацијата за обработка на барање за одобрение за увоз за облагородување,
- Сметководствени правила за евидентирање на залихи во Царинската управа,
- Сметководствени правила за евидентирање донации во Царинската управа.

Во мај 2010 година Царинската управа наплати вкупно 4.391 милиони денари (околу 72 милиони евра) на име буџетски приходи, што е за 44% повеќе од остварувањето во истиот период 2009 година.

Од вкупно наплатените буџетски приходи по видови, на име царина и други царински давачки, во месец мај 2010 година наплатени се 478 милиони денари (околу 7 милиони евра) што е 5% помалку од остварувањето во истиот период минатата година.

Евидентниот пад на приходи од царина и други царински давачки во мај 2010 година, во однос на истиот период во 2009 година, изнесува 25, 9 милиони денари кај стоките опфатени со повеќе глави меѓу кои со најголемо учество се: шеќер и производи од шеќер, тутун и производи за замена на тутун, облека и прибор за облека, освен плетени или хеклани, минерални горива, минерални масла и производи од нивна дестилација, битуменозни материи, минерални восоци и фармацевтски производи.

Намалување на приходот од царински давачки од 92% за шеќер и производи од шеќер се должи на намалувањето на обемот на увоз, намалувањето на вредноста на увезената стока за 11% и зголемениот увозот на шеќер со преференцијално потекло во мај 2010 година. Од истите причини се

намалени царинските давачки за 61% за увезениот тутун во мај 2010 година во однос на истиот период 2009 година.

Намалувањето на приходот од царински давачки за 38% кај облеката и прибор за облека во однос на приходите во минатата година се должи на намалувањето на вредноста на увезената стока за 5 милиони денари, но значително влијание има и намалувањето на основната царинска стапка од 25% во 2009 година на 17,5% во 2010 година, согласно обврските на Република Македонија кон Светската трговска организација.

Приходите наплатени од ДДВ во месец мај 2010 година изнесуваат 2.746 милиони денари (околу 45 милиони евра) што е 13% повеќе од оствареното во истиот период во 2009 година.

Во мај во 2010 година забележано е значително зголемување на приходите од данок на додадена вредност и тоа кај минерални горива, минерални масла и производи од нивна дестилација, битуменозни материи, минерални восоци, возила, освен железнички или трамвајски шински возила, и нивни делови и прибор и железо или челик.

Зголемувањето на приходите од ДДВ кај наведените стоки се должи на зголемен обемот на увоз, како и зголемена вредност на увезената стока.

Приходите од акциза во месец мај 2010 изнесуваат 1.116,87 милиони денари што е за 6% помалку од мај 2009 година кога приходите од акциза изнесувале 1.194,87 милиони денари.

Приходите од акциза за алкохол и алкохолни пијалоци во месец мај 2009 година изнесувале 99,81 милиони денари, додека приходите од акциза во истиот период оваа година изнесуваат 96,27 милиони денари. Тоа значи дека е забележано намалување на приходите во износ од 3,54 милиони денари, односно за 4%.

Приходите од акциза за тутун и тутунски добра во месец мај 2009 година изнесувале 390,23 милиони денари, додека приходите од акциза во истиот период оваа година изнесуваат 316,18 милиони денари. Тоа значи дека е забележано намалување на приходите од акциза за тутун и тутунски добра во износ од 74,05 милиони денари, односно за 19%.

Приходите од акциза за нафта и нафтени деривати во месец мај 2009 година изнесувале 660,58 милиони денари, додека приходите од акциза во истиот период оваа година изнесуваат 653,77 милиони денари. Тоа значи

дека е забележано намалување на приходите од акциза за нафта и нафтени деривати во износ од 6,81 милиони денари, односно за 1%.

Приходите за патнички автомобили од акциза во месец мај 2009 година изнесувале 44,25 милиони денари, додека приходите од акциза во истиот период оваа година изнесуваат 50,65 милиони денари. Тоа значи дека е забележано зголемување на приходите од акциза за патнички автомобили во износ од 6,40 милиони денари, односно за 14%.

Наплатените приходи од надоместоци изнесуваат 52 милиони денари (околу 0,8 милиони евра) кои се 107% повеќе во однос на мај 2009 година.

3. Врз основа на дополнителни контроли (помала декларирана вредност на стоката, како основа за пресметување на увозните давачки, неправилно декларирано потекло на стоката, како основа за ослободување од плаќање царини, неправилно тарифирање за примена на пониска царинска стапка и др.), во мај 2010 година се донесени 103 решенија за дополнителна наплата во вкупен износ од од 9 милиони денари (околу 148 илјади евра).

4. Во текот на овој месец Царинската управа ги издаде следните лиценци и одобренија:
   - 16 лиценци на физички лица за вршење работи на застапување во царински постапки,
   - едно одобрение за локално царинење при извоз,
   - 2 одобренија во скратена постапка извоз за облагородување,
   - едно одобрение во скратена постапка увоз за облагородување,
   - едно одобрение за овластен извозник,
   - едно одобрение за постапки за економски ефект во скратена постапка,
   - 4 одобренија за увоз за облагородување,
   - едно одобрение за застапување во царинските постапки.

## II. Административен капацитет

5. Во мај 2010 година беа реализирани 13 обуки, на кои учествуваа 135 царински службеници, во вкупно времетраење од 296 часа. Просечното времетрење на обука за вработените кои посетувале обука е 28,53 часа, додека просечното времетраење на обуката за секој вработен е 3,46 час.

   Во насока на зајакнување на административниот капацитет одржани се следните обуки, семинари, презентации и курсеви:
   - Две идентични обуки за Мерки на трговска политика, царинска вредност, потекло на стока и прекршоци,

- Мерки на трговска политика, МАКЦИС и практичен дел за пломбирање и претрес на товарни возила,
- Во организација на Амбасадата на САД одржана е „Обука за давање одговор на инциденти поврзани со оружје за масовно уништување“,
- Во организација на Академијата за обука на судии и јавни обвинители беа одржани три семинари на тема „Прекршочно правна заштита на правата од индустриска сопственост“,
- Во соработка со Управата за јавни приходи и DG TAXUD се одржа оценска мисија и работилница за мапирање на деловни и стратешки планови за царинската и даночна администрација,
- Во организација на Министерството за животна средина и просторно планирање беше одржана Тркалезна маса на тема „Предлог закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори“,
- Преку инструментот TAIEX беа остварени две експертски експертски мисии за Примената на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Царинска тарифа и две студиски посети за Системот на кодирање на мерките во ТАРИК и Запознавање на концептот на контрола на акцизите,
- Семинар за Царинска вредност, како дел од активностите предвидени со програмата Customs 2013, беше одржан во Рим, Италија.

Во врска со меѓународните активности во текот на месец мај, претставници од Царинската управа, учествува на следните настани:

- Состанок за проектот за мерење на резултати, кој се одржа во Белград, Република Србија;
- Состанок на координаторите за работни посети во рамки на програмата Customs 2013, кој се одржа од Ливерпул, Англија,
- Состанок со претставници од Италијанската царина, кој се одржа во Рим, во врска со имплементацијата на новиот систем за обработка на царински декларации.

## III. Интегритет и борба против корупција

6. Во тек на мај реализирани се 9 внатрешни истраги во организационите единици на Царинската управа.

   Врз основа на спроведените истраги, во 2 случаи се утврдени основани сомненија дека царински службеници работеле спротивно на законските одредби, подзаконските акти, оперативните инструкции и етичкиот кодекс, односно констатирано е непостапување согласно Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на

увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки како и непостапување согласно процедурата за пропуштање на возила на излез од царински терминал.

Во останатите 7 случаи не е утврдено работење на царинските службеници, спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

Изготвена е 1 кривична пријава поради постоење на основано сомнение за сторување на кривично дело „Несовесно работење во службата“ казниво по член 353-в став 1 од Кривичниот законик.

Согласно спроведените истраги, релизирани се 4 дисциплински постапки против царински службеници, при што се изречени 3 мерки за престанок на работен однос, а 1 дисциплинска постапка е запрена.

На крајот на мај 2010 година, против Царинската управа беа активни 105 судски предмети врз основа на спор од работен однос. Од нив 36 предмети се наоѓаат во основните судови, со старост од 1 до 10 месеци. Во постапки кај апелационите судови се наоѓаат 46 предмети со старост од 1 до 12 месеци. Во постапки пред Врховен суд се наоѓаат 23 предмети со старост од 1 до 36 месеци.

Во текот на мај од основните судови се примени 8 пресуди по тужби против решенијата на Комисијата и на Царинската управа, од кои со три пресуди е одбиено тужбеното барање за поништување на решение за престанок на работен однос, со три пресуди се уважува тужбеното барање за поништување на решението за отказ, а со едно решение е отфрлена тужбата како ненавремена. Од страна на основен суд донесена е пресуда со која се уважува тужбеното барање за надомест на штета.

Во истиот месец, од апелационите судови се примени 14 одлуки од кои со 3 пресуди е потврдена првостепената пресуда со која е поништено отказното решение, со две пресуди е одлучено мериторно и е поништено отказното решение. Со три решенија е уважена жалба и предметите се вратени пред првостепените судови на повторно одлучување, со едно решение е потврдена одлуката на првостепениот суд за ненадлежност, со една пресуда е одбиена жалба на решение за прекин на постапката. Со две пресуди одбиена е жалбата на Царинска управа како неоснована за надомесст на штета. Исто така во овој месец е примена една пресуда од Врховен суд со која е потврдено отказното решение.

7. Од вкупно 169 кривични предмети во временски период од 2002 до 2010 година, на крајот на мај 2010 година, сеуште во судска постапка се 108 кривични предмети против 90 лица сеуште вработени во Царинската управа и 84 поранешни вработени лица. Кривичните предмети се со старост од 2 месеци до 7 години.

   Со завршена судска постапка и конечна одлука се вкупно 50 кривични предмети, додека за 11 нема информација во кој статус се наоѓаат.

   Кај основните судови во постапка се 100 кривични предмети, со старост од 2 месеци до 7 години.

   Од вкупниот број на кривични предмети кои се наоѓаат пред основните судови, 40 предмети се наоѓаат во фаза на истрага, 11 предмети се вратени на повторно одлучување, 10 предмети се наоѓаат во судска расправа, додека 39 предмети се наоѓаат во фаза на судско вештачење.

   Кај апелационите судови во постапка се 8 предмети со старост од 1 до 5 години. Во соработка со Министерството за внатрешни работи е поднесена 1 кривична пријава, која се наоѓа во постапка кај Основното јавно обвинителство.

   Во текот на овој месец Одделението за внатрешна инспекција по извршените контроли во организационите единици на Царинската управа, а во врска со утврдените недостатоци и неправилности во работењето изготви 5 извештаи и едно Барање за мислење согласно Упатството за работа на Секторот за професионална одговорност.

   Извештаите се однесуваат за ненавремено изготвување на управни решенија вратени на повторно одлучување од Министерството за финансии, како и контрола на постапувањата со користење на преференцијални царински стапки при увоз на клима опрема и контрола на начинот на прием на царински декларации во 2009 година за одреден царински обврзник .

   Исто така Одделението изготви и Барање за мислење од редовната внатрешна инспекција на царинската испостава Куманово за работењето во последните три месеци.

8. Во мај се извршени 2 внатрешни ревизии, при што се констатирани 15 наоди и дадени се 15 препораки за постапување.

## IV. Транспарентност

9. Во текот на овој месец преку отворената линија 197 се примени 2.709 повици. Заради полесно координирање и постапување со информациите истите се класифицирани и доставени до надлежните служби за понатамошно постапување.

   На интернет страницата на Царинската управа се објавени 46 информации на македонски, од нив 9 се објавени на англиски и албански јазик, а на интранет порталот 19 информации.

   Овој месец Царинската управа одговори на 36 прашања поставени преку интернет страницата или во хартиена форма.

## V. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

10. Врз основа на разузнавачки информации и анализа на ризикот, во мај извршен е преглед на 1.874 товарни моторни возила, 424 автобуси, 128 патнички моторни возила, 1 воз или вкупно на 2.427 транспортни средства. На граничните премини и на царинските испостави извршени се вкупно 1.832 скенирања од страна на Службата за мобилни скенери на 1.541 товарно моторно возило и 153 патнички моторни возила и 138 автобуси.

    На внатрешните царински испостави и граничните премини, од царинските работници спречени се повеќе обиди за шверц и криумчарење на стоки. При тоа вкупно се запленети околу 20 илјади евра и задржани околу 52 илјади парчиња разновидна стока од кој позначајни се:

    - 21.416 кгр.хопла,
    - 12.200 парчиња цигари,
    - 8.220 парчиња листови за убодна пила, црковни украси, заштитни маски,
    - 5.201 парчиња козметички средства и лекови,
    - 2.526 парчиња текстилни производи и женски чанти,
    - 1.867 кг моторно масло, хартија за кардиограф и пвц крстови за фуги,
    - 1.132 видови мебел,
    - 91 парчиња машини за перење и 24 компресори за клими,
    - 3 моторни возила и 22 велосипеди.

На први мај 2010 година, за влез во државата се пријави товарно моторно возило со бугарски регистарски ознаки, управувано од бугарски државјанин, кое било селектирано за детален преглед. При извршениот преглед на кабината на возилото и личен претрес на возачот, во рачна ташна и во џебовите од јакната и панталоните на возачот, биле пронајдени вкупно 20.000 евра. Согласно Одлуката за условите и висината на износот на ефективни странски пари и чекови кои можат да се внесуваат или изнесуваат од Република Македонија, на возачот му била издадена Потврда за внесување на ефективни странски пари во износ од 10.000 евра, а останатите 10.000 евра, кои се предмет на девизен прекршок, биле привремено задржани. Против прекршителот, Царинската Управа на Република Македонија ќе поведе постапка за утврдување на неговата одговорност.

11. Во текот на овој месец поднесени се 7 кривични пријави против 6 физички лица и 3 правни лица за даночно затајување и царинска измама во вкупна вредност на запленетата стока во износ од 623 илјади денари (околу 10,2 илјади евра) и избегнати давачки на име царина од 1,9 милиони денари (околу 32 илјади евра).

За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа се доставени 53 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои: 5 барања по записник за царински прекршок доставени од Секторот за контрола и истраги при Царинската управа и 48 барања од царински испостави. Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа во мај 2010 година реши 96 предмети во редовна и итна постапка и за истите изрече глоба во вкупен износ од 41.700,00 евра и парична казна во износ од 2.630.675,00 денари.

Против решенијата на Царинската управа за утврдена прекршочна одговорност во мај 2010 година од Управниот суд се примени 12 тужби и во законски определениот рок се доставени 12 одговори на тужби. Во мај 2010 година од Управниот суд се примени 7 пресуди, од кои со 2 пресуди се потврдуваат решенијата на Царинската управа, а со 5 пресуди се поништуваат решенијата на Царинската управа и се враќаат на повторно постапување. Од Врховниот суд на Република Македонија е примена една пресуда со која мериторно е одлучено од страна на судот. Во постапка на порамнување се решени 18 предмети при што е извршена уплата на глоба во износ од 1.100 евра.
Во рамки на царинарниците во мај 2010 година се изречени 214 мандатни казни на сторители на царински прекршоци во вкупен износ од околу 4 милиони денари (околу 66 илјади евра).

12. Поради основано сомневање дека се работи за фалсификувани трговски марки, Царинската управа во мај 2010 година интервенираше при повеќе обиди за повреда на правото од интелектуална сопственост и привремено задржа 7.077 парчиња стока.

    Најголем дел од привремено задржаната стока ја сочинуваат:
    - 2.485 парчиња спортски обувки,
    - 1.712 наочари за сонце,
    - 1.640 парчиња текстилни производи,
    - 1.240 парчиња комплети спортски дресови.

    Царинската управа во мај 2010 година донесе одобренија за уништување на 6.150 парчиња стока која повредува право од интелектуална соптвеност и тоа: детски пантолони со ознака на трговска марка D&G, патики со ознака на трговска марка CONVERSE, PUMA, ADIDAS; каиши со ознака на трговска марка HUGO BOSS; привезоци со ознака на трговска марка BMW, MERCEDES и OPEL; женски паричници со ознака на трговска марка GUCCI; спортски обувки со ознака на трговска марка GUCCI, патосници со ознака на трговска марка MERCEDES и OPEL; чорапи со ознака на трговска марка ADIDAS и NIKE; долен веш со ознака на трговска марка CALVIN KLEIN.

    Уништени се вкупно 1.289 парчиња најразновидна стока, а од сомнение за повреда на правата од интелектуална сопственост се ослободени се 1.312 парчиња техничка стока и спортска опрема.

## VI. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

13. На 18-19 мај 2010 година во Регионалниот тренинг центар во Скопје се одржа вториот состанок на Регионалните тренинг центри (РТЦ) на Светската царинска организација – Европски регион.

    На состанокот покрај претставници на РТЦ–Скопје, учествуваа претставници на РТЦ од Унгарија, Русија, Украина и Азербејџан, како и претставници на Секретаријатот на СЦО и на Царинската управа на Луксембург, како претседавач на Европскиот регион. За време на состанокот беше усвоен предлог планот за обуки на ниво на РТЦ за периодот 2010-2011, насоките за формирање на нова платформа за учење во рамките на РТЦ, како и можностите за поголема употреба на модулите за електронско учење.

14. Во мај 2010, Генералниот директорат за оданочување и царинска унија ја реализира третата ИТ мониторинг мисија во Царинската управа. Основна цел на Мисијата беше запознавање со развојот на тековните и потенцијални проекти финансирани во рамки на ИПА програмата и дискутирање за нацрт Стратегијата за развојот ИКТ на Царинската управа и Стратегијата за интероперабилност со царинските системи на ЕУ. Препознавајќи го очигледниот напредок, претставниците на Генералниот директорат за оданочување и царинска унија го презентираа своето мислење и дадоа сугестии за понатамошните чекори кои треба да се преземаат во оваа област од страна на Царинската управа. Официјалниот извештај од Мисијата со официјалните согледувања и предлози се очекува да биде доставен со целда се преземат понатамошни активности.

15. На 25 мај во Скопје започна со реализација вториот модул од проектот „Преговори со ЕУ: содржини, техники и вештини“ во организација на Центарот за европски перспективи од Словенија во соработка со Царинската управа на Република Македонија. Целта на овој модул со наслов „Преговори со Европска унија“ е подобрување на вештините и техники за преговарање на македонски раководни државни службеници, кои ќе одиграат главна улога во преговорите помеѓу Република Македонија и Европската унија за поглавјето даноци.

    За време на траењето на обуката учесниците имаа можност да се запознаат со многу корисни содржини, како што се техники на јавно говорење и техники на преговори. Обуката е исклучително важна и корисна за Царинската управа која ќе и овозможи поголема спремноста во процесот на преговори со Европската унија како еден од најважните преговори по петодишен статус на земја кандидат.

16. На 24 мај 2010 во Рим, Италија се склучи Анекс II на Договорот за набавка на Системот за обработка на царински декларации - СОЦД помеѓу компанијата изведувач ИТ@МАК, под лидерство на Царинската администрација на Република Италија и Царинската управа на Република Македонија, со кој се изврши продолжување на првичниот утврден рок за финална интеграција до 31 октомври 2010.
    Потпишувањето на Анекс II е поради евидентното доцнење во реализацијата на одделни проектни компоненти од страна на изведувачот, кои предизвикуваат застој на проектот и соодветни негативни реперкусии по однос на реализацијата на другите фази на проектот, но и на проектот во целина.